РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-616/1
02-02-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана ден 23.01.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2515/1 од 25.09.2024 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што ДКСК веќе има постапено и одлучено за исти наводи.

Предметот со број 12-2515/1 од 25.09.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на познат подносител е поднесена е пријава со број 12-2515/1 од 25.09.2024 година во која се изнесени наводи за незаконско постапување од страна на службено лице -------------------------, вработено во Одделението за катастар на недвижности во --------------, при издавање на акт што бил доставен до Министерството за финансии – Управа за имотно – правни работи во -------------, за потребите на постапката по предмет за приватизација со бр.---------------.

Државната комисија по разгледување на предметната пријава, констатира дека се работи за наводи за иста постапка за приватизација изнесени од ист подносител, содржани во пријави по кои ДКСК веќе постапила по предмет бр.1905/1 од 11.07.2024 година и број 12-2521/1 од 19.09.2025 година. Постапувајќи по наведените предмети, ДКСК на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година донела Одлука број 12-1905/3 од 26.07.2025 година, со која пријавата се отфрла поради тоа што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган и пријавата е доставена на надлежно постапување на Министерството за финансии – Управата за имотно – правни работи Скопје. На 23-та седница одржана на 13.10.2025

година, ДКСК има донесено Одлука бр.12-2521/1 од 15.10.2025 година, со која пријавата се отфрла од причина што ДКСК веќе има постапено по пријава со исти/слични наводи.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека веќе има постапено и одлучено по пријави со исти наводи, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
Shkup
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК